**Предлог заклучоци**

**12-та седница на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП)**
**28 март 2016 година**

1. **Андоноски против Република Македонија (А.бр.16225/08) од 17 септември 2015**

   1.Се препорачува Министерството за правда да ја разгледа можноста за измени во членот 418-б став 6 од КЗ во насока на негово усогласување со член 100-а од КЗ и во рок од 30 дена да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП за преземените мерки и да достави нацрт/предлог измена на погоре посочената одредба со што ќе му се овозможи на судечкиот суд во зависност од околностите на случајот да цени дали возилото треба да се одземе или не, наместо тоа да се прави по автоматизам.

2. **Хајрулаху против Република Македонија (А.бр. 37537/07) од 29 октомври 2015**

1. Се препорачува Основниот суд Скопје I Скопје во рок од 15 дена преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП дали жалителот поднел предлог за повторување на постапката по донесената пресуда на ЕСЧП и доколку е тоа така, му се препорачува на Основниот суд Скопје I Скопје при постапувањето по предлогот, односно во повторената постапка да ги има во предвид принципите и праксата на ЕСЧП и становиштата на Судот изразени во оваа пресуда.

2. Се препорачува на ОЈО Скопје во рок од 15 дена да ја извести Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за текот на постапката по кривичната пријава поднесена од страна на апликантот од 7 март 2007 година, како и кои мерки и активности е планирано да се преземат во врска со овој предмет.

3. Се препорачува Академијата за судии и јавни обвинители во рамките на задолжителните обуки планирани за 2016 година со кои ќе бидат опфатени сите јавни обвинители на територијата на РМ за постапување во идни слични случаи кои се однесуваат на наводна полициска бруталност или несоодветно полициско постапување спротивно на член 3 од Конвенцијата (забрана на мачење) да го вклучи и овој предмет и да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за тоа во рок од 30 дена преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП.

4. Се препорачува Министерството за внатрешни работи во рамките на обуките наменети за овластените полициски службеници во врска со забраната на мачење, нечовечко и понижувачко постапување и казнување, да го вклучи и овој предмет, со цел превенирање на идни слични повреди на Конвенцијата и да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за тоа во рок од 30 дена преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП.

3. **Миткова против Република Македонија (А.бр. 48386/09) од 15 октомври 2015**

   1. Се препорачува Управниот суд на РМ во рок од 15 дена преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП дали жалителката поднела предлог за повторување на постапката по донесената пресуда на ЕСЧП и доколку е тоа така, се препорачува истиот при постапувањето по предлогот, односно во повторената постапка да ги има во предвид принципите и праксата на ЕСЧП и становиштата на Судот во оваа пресуда, особено во делот на одржување на усна расправа.

   2. Се препорачува Вишиот Управен суд на РМ да усвои становиште со кое ќе го задолжи Управниот суд на РМ во случај на одбивање на барањето на некоја од странките за одржување на усна расправа да даде соодветно образложение за причините за одбивањето и за тоа преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП во рок од 30 дена.

4. **Аслани против Република Македонија (А.бр. <u>24058/13</u>) од 10 декември 2015**

   1. Се препорачува Основниот суд во Битола во рок од 15 дена преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП во која фаза се наоѓа постапката по супсидијарниот обвинителен акт на апликантот и се препорачува истиот во натамошното постапување, да ги има во предвид становиштата на Судот заземени во оваа пресуда.

   2. Се препорачува Академијата за судии и јавни обвинители во рамките на задолжителните обуки планирани за 2016 година со кои ќе бидат опфатени сите јавни обвинители на територијата на РМ за постапување во идни слични случаи кои се однесуваат на наводна полициска бруталност или несоодветно полициско постапување спротивно на член 3 од Конвенцијата (забрана на

мачење) да го вклучи и овој предмет и да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за тоа во рок од 30 дена преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП.

3. Се препорачува Министерството за внатрешни работи во рамките на обуките наменети за овластените полициски службеници во врска со забраната на мачење, нечовечко и понижувачко постапување и казнување, да го вклучи и овој предмет, со цел превенирање на идни слични повреди на Конвенцијата и да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за тоа во рок од 30 дена преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП.

4. Се препорачува Министерството за внатрешни работи да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП до следната седница, за тоа во која фаза се наоѓа реализацијата на проектот со Советот на Европа кој се однесува на воспоставување на надворешен механизам за надзор над работата на полицијата.

В.Д. Директор на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП – Владин агент
м-р Костадин Богданов

Министер за правда,
д-р Adnan Jashari